**ПРЕДЛАГАЧ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ЗАБРАНА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ, ОБРАБОТКА, ОБЈАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НЕЗАКОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

**Скопје, октомври 2015 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 06.10.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 4632/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за забрана за поседување, обработка, објавување и располагање со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникациите, по скратена постапка.

Пратеници:

Talat Xhaferi

Крсто Мукоски

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Во Република Македонија целосно не е уредена забраната за поседување, обработка, јавно објавување и располагање со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации; обврската за нивно предавање на надлежна институција, ниту кривичната одговорност во врска со последиците кои може да произлезат од поседувањето, обработката, располагањето и објавувањето на материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации.

Со оглед на тоа што незаконското следење на комуникациите претставува директна повреда на уставно загарантираната слобода и неповредливост на сите облици на комуникација на граѓаните потребно е со закон да се уреди и забраната за поседување, обработка, јавно објавување и располагање со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации и кривичната одговорност на лицата кои нема да ја почитуваат оваа забрана.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на уставност и законитост, а целта на неговото донесување е утврдување на кривична одговорност на лица кои ќе го повредат оваа со Устав загарантирана слобода на граѓаните.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот нема да предизвика последици врз Буџетот на Република Македонија и на другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ЗАБРАНА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ, ОБРАБОТКА, ОБЈАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НЕЗАКОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

(1) Со овој закон се утврдува забраната за поседување, обработка, јавно објавување преку медиуми, социјални мрежи, веб портали и било која друга форма на јавно објавување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации, вклучувајќи и нивно користење и располагање во изборен процес.

(2) Со овој закон покрај забраната од ставот 1 на овој член се утврдува и обврска за предавање на материјалите од незаконско следење на комуникации на надлежен јавен обвинител, како и кривичната одговорност за непредавањето на материјалите и за нивно неовластено објавување и пренесување.

Член 2

Се забранува поседување, обработка, објавување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации.

Член 3

Тој што неовластено поседува, обработува и располага на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

Член 4

(1) Тој што неовластено на било кој начин ќе објави или пренесе прислушкувани или тонски снимени разговори или делови од нив или нивни транскрипти на територијата на Република Македонија или во странство, ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

(2) Доколку делото од ставот 1 на овој член доведе до настанување на правни, материјални или други штетни последици на лице кое е инволвирано во објавените или пренесените аудио снимки или транскрипти од аудио снимки или нивни делови од незаконското следење на комуникациите, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

(3) Доколку делото од ставот 1 на овој член доведе до нанесување на тешки телесни повреди на лице кое е инволвирано во објавените или пренесените аудио снимки или транскрипти од аудио снимки или нивни делови од незаконското следење на комуникациите, или на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку осум години.

(4) Доколку делото од ставот 1 на овој член доведе до смрт на лице кое е инволвирано во објавените или пренесените аудио снимки или транскрипти од аудио снимки или нивни делови од незаконското следење на комуникациите, или на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку 10 години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна, а одговорното лице во правното лице ќе се казни согласно ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

Член 5

Секој кој поседува или има пристап до материјали од незаконско следење на комуникации е должен во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги предаде материјалите на надлежниот јавен обвинител.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ, ОБРАБОТКА, ОБЈАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НЕЗАКОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Членот 1 од Предлогот го утврдува предметот на законот, а тоа се забраната за поседување, обработка, објавување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации; обврската за предавањето на материјалите од незаконско следење на комуникации на надлежен јавен обвинител, како и кривичната одговорност за непредавањето на материјалите и за нивно неовластено објавување и пренесување.

Членот 2 ја утврдува забраната за поседување, обработка, објавување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации.

Со членот 3 се предвидува казна за неовластено поседување, обработување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации и се предлага казна затвор од најмалку четири години.

Со членот 4 став 1 се предвидува казна за тој што неовластено на било кој начин ќе објави или пренесе прислушкувани или тонски снимени разговори или делови од нив или нивни транскрипти на територијата на Република Македонија или во странство, и се предлага казна затвор од најмалку четири години. Со ставовите 2, 3 и 4 од овој член се предлагаат казни за делото од став 1 во зависност од последиците што би настанале со неговото извршување. Со ставот 5 се предлага парична казна за правното лице, а за одговорното лице во правното лице се предлага казната од ставовите 1, 2, 3 и 4.

Членот 5 утврдува обврска за секој кој поседува или има пристап до материјали од незаконско следење на комуникации во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги предаде материјалите на надлежниот јавен обвинител.

Членот 6 е завршна одредба и предлага влегување во сила на овој закон наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложениот закон ќе придонесе за остварување на со Устав загарантирана слобода и неповредливост на сите облици на комуникација на граѓаните.